# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 19 мај 1999
Скопје
Број 29 Год. LV

Аконтацијата за 1999 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**917.**

Согласно член 11 од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.05.1999 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КВОТИ ЗА II-то ПОЛУГОДИЕ ОД 1999 ГОДИНА СОГЛАСНО СО ДОГОВОРОТ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Член 1

Оваа одлука ги уредува условите за увоз на стоки кои во II-то полугодие на 1999 година ќе се увезат во Република Македонија од Република Хрватска и се по потекло од таа земја.

Член 2

За стоката наведена во Прилогот 1, а во рамките на квотите утврдени во него не се плаќаат царински давачки и посебни давачки (прелевмани). Прилогот 1 е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Количествата на стоки во рамките на поодделна квота од Прилогот 1 ги распределува Министерството за трговија на предлог на Комисијата составена од двајца претставници на Министерството за трговија и по еден претставник на Министерството за надворешни работи, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Министерството за финансии.

Комисијата ја води и ја свикува претседателот на Комисијата кој од редовите на претставниците на Министерството за трговија го именува министерот за трговија.

Комисијата донесува критериуми за оформување предлози за распределба на количествата на стоки во рамките на квотите од Прилог 1.

Член 4

Барањето за доделување на одредени количества на стоки во рамките на поединечна квота утврдена во Прилогот 1 може да поднесе правен субјект со седиште во Република Македонија (во натамошниот текст: подносител) со регистрирана дејност за надворешно-трговско работење. Барањето се поднесува во Министерството за трговија најдоцна десеттиот (10-тиот) ден од влегувањето во сила на оваа одлука.

Барањето од претходниот став треба да ги содржи следните податоци:

– име на фирмата, матичниот број и комплетна адреса на подносителот и на корисникот на стока, ако подносителот не е истовремено и корисник;

– тарифниот број за секоја стока (10 бројки);

– наименување на стока од комбинирана номенклатура на царинската тарифа;

– количина на стока за која се поднесува барањето, искажана во единица мерка, наведена во Прилогот 1;

– податоци за производите, односно продажните и магацинските капацитети;

– податоци за увоз на стока од истиот тарифен број во претходната година и првото полугодие од 1999 година;

– податоци за остварен извоз во Република Хрватска во претходната година и првото полугодие од 1999 година.

За доделување на одредена количина на стока во рамките на поединечна квота, Министерството за трговија на подносителот му издава решение во кое се утврдува и рокот во кој може подносителот да го увезе, а согласно со член 1 од оваа одлука.

Министерството за трговија може количините на стоки во рамките на поединечна квота да ги распределува постапно, притоа водејќи сметка за второ полугодие да се подели до десетти јуни.

Член 5

Царинската управа на Република Македонија ја следи реализацијата на увозот на стоки, согласно со донесените решенија од член 3, став 3 од оваа одлука и за тоа тримесечно го известува Министерството за трговија.

Министерството за трговија го објавува обемот на квотите од Прилогот 1 во јавните гласила.

Член 6

Царинскиот обврзник кој што сака да се здобие со преференцијален (повластен) царински третман при увозот на стоката од Прилогот 1 на Република Хрватска и Република Македонија, мора на царинскиот орган, покрај деталните документи, да му поднесе и докази за потеклото на стоката кој го издава земјата; извозник во согласност со Протоколот за потеклото на стоката според Прилогот 1 на оваа одлука, кој е нејзин составен дел.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2437/1
13 мај 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

# ЛИСТА НА ЦАРИНСКИ КВОТИ НА СТОКИ КОИ СЕ УВЕЗУВААТ ОД РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1999 ГОДИНА

| *Тар.број* | *Наименување на стоката* | *Царинска квота за II полугодие 1999 г. во тони* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 0207 12 00 00 | Месо од домашни кокошки, неисечено замрзнато | 350 |
| 0207 14 00 00 | Месо од домашни кокошки, парчиња, замрзнато | 250 |
| 0210 | Месо и јастиви месни и други кланични производи, солени, во саламура, сушени или чадени | 100 |
| 0302 69 00 10<br>0301 93 00 00 | Слатководни риби свежи или разладени | 150 |
| 0401 20 00 10 | Млеко и павлака, со содржина на маснотија над 1% до 6% по маса | 300 |
| 0401 30 00 10 | Павлака со содржина на маснотијанад 6% по маса | 50 |
| 0402 21 | Млеко во прав, без додаден шеќер или други шеќери за засладување | 5 |
| 0403 10 91 00 | Јогурт, ароматизиран или со додадено овошје, јатчесто овошје или какао, друго | 75 |
| 0403 90 | Маштеница, кисело млеко, павлака, кефир и др.ферментирано или закиселено млеко и павлака, друго | 150 |
| 0405 10 | Путер | 25 |
| 0406 30 00 00 | Сирење топено | 75 |
| 0406 90 00 90 | Друго сирење, друго | 75 |
| 0701 90 | Компир, свеж или разладен, друг | - |
| 1601 | Колбаси и сл.производи од месо, од други кланични производи за јадење или од крв | 200 |
| 1602 | Други приготвени или конзервирани производи од месо, од други кланични производи или од крв | 500 |
| 1604 | Приготвени или конзерви- | 750 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| | рани риби, освен тар.бр.1604 30 00 00 - кавијар | |
| 1704 90 | Производи од шеќер, без какао, друго | 80 |
| 1806 | Чоколада и др.прехранбени производи што содржат какао | 200 |
| 1901 10 00 00 | Производи за исхрана на деца, во пакувања за продажба на мало | 60 |
| 1901 90 | Друго, екстракти на слад | 80 |
| 1905 30 00 00 | Слатки бисквити, вафли и обланди | 250 |
| 1905 90 00 00 | Други пекарски производи | 50 |
| 2007 99 00 00 | Џемови, овошни желеа, мармалади, овошни пиреа и овошни пасти добиени со варење, друго | 50 |
| 2009 19 00 00 | Сок од портокали, друго | 100 |
| 2009 30 00 00 | Сок од други агруми | 50 |
| 2009 90 00 00 | Мешаници на сокови | 150 |
| 2102 10 31 00 | Квасец за мешање, друг | 5 |
| 2103 30 00 90 | Приготвен синап (сенф) | 20 |
| 2103 90 00 90 | Друго, мешани мирудии и мешани мирудиски средства, друго | 75 |
| 2104 10 00 00 | Супи и чорби и препарати за тие производи | 200 |
| 2105 00 00 00 | Сладолед и др. јастив мраз, со додаток или без додаток на какао | 200 |
| 2106 | Прехранбени производи на друго место неспомнати или опфатени (храна за доенчиња и диетски производи) | 250 |
| 2202 90 00 00 | Други безалкохолни пијалоци, друго | 150 |
| 2208 20 00 00 | Алкохолни пијалоци добиени со дестилација на вино, на пулпа или комина, од грозје (вињак,коњак,армањак, бренди) | 400 |
| 2209 | Оцет и замена за оцет добиени од оцетна киселина | 250 |
| 2401 10 | Тутун, неоджилен | 1.250 |

**918.**

Врз основа на член 197, став 3 и 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.05.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕДОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува распоредот на работното време во Стручната служба на Владата на Република Македонија.

Член 2

Новиот распоред на работното време се утврдува од 7,30 до 15,30 часот, а ќе се применува од 1.06.1999 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2492/1
13 мај 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**919.**

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.05.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

Член 1

Деловниот простор во станбена кула 1 – десно на ул. „8-ми Септември“ во Дебар, со површина од 113,98 $м^2$, сопственост на Република Македонија, со кој досега стопанисуваше Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, се доделува на користење на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ од Дебар.

Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да склучи договор за условите и начинот на користење на деловниот простор од став 1 на овој член со корисникот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2475/1
13 мај 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**920.**

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ број 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.05.1999 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата кој не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за трговија и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за пресимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 50 | -Дигитални централни единици освен оние од тар. подброеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто куќиште една или две од следниве единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: | |
| | 8471 50 90 00 | --Друго | |
| | | a) HP Net server LC3 | 1 парче |
| | | b) HP Brio 350 MHz | 5 парчиња |
| | | c) HP Brio C333 | 12 парчиња |
| | 8471 60 | -Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште: | |
| | 8471 60 40 00 | ---Печатари | |
| | | a) HP Laser Jet 4000 | 1 парче |
| | | b) HP Laser Jet 1100 | 3 парчиња |
| | | c) HP Scan Jet 6200 | 1 парче |
| | 8471 80 | -Други единици од машините за автоматска обработка на податоци: | |
| | 8471 80 10 00 | --Периферни единици | |
| | | a) HP 17 Color monitor | 1 парче |
| | | b) Cisco 1603 Ethernet/ ISDN Router | 1 парче |
| | 8471 90 00 00 | -Друго | |
| | | a) HP Pro Curvel 10/100 Hub 24 | 1 парче |
| | | b) HP Pro Curvel 10/100 Hub 12 | 1 парче |
| 8473 | | Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472: | |
| | 8473 30 | -Делови и прибор на машини од тар. број 8471: | |
| | 8473 30 10 00 | --Електронски | |
| | | a) 1-Port Serial WAN Interface Card | 1 парче |
| 8524 | | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански от- | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | печатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37: | |
| | 8524 91 | --За репродукција на појави освен на звук или слика: | |
| | 8524 91 10 00 | ---Со снимени податоци или програми, од вид кои се употребуваат со машини за автоматска обработка на податоци<br>а) Cisko 1600 Serias IOS IP (I) | 1 парче |
| 8528 | | Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видео-монитори и видео-проектори: | |
| | 8528 21 00 00 | --Во боја<br>а) HP 15 Color monitor | 17 парчиња |
| 8544 | | Изолирана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори: | |
| | 8544 41 | --Со конектори: | |
| | 8544 41 10 00 | ---Видови што се употребуваат во телекомуникациите<br>а) V, 35 Cable, DTE, Male, 10 Feet | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2456/1
13 мај 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**921.**

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ број 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.05.1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА**

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8703 | | Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тар. број 8702), вклучувајќи и моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван“, „комби“, итн.) и автомобили за трки: | |
| | 8703 32 | --Со зафатнина на цилиндрите над 1500 см3 до 2500 см3:<br>---Нови:<br>----Со зафатнина на цилиндрите над 1500 см3 до 2000 см3: | |
| | 8703 32 10 99 | -----Други<br>а) Теренско возило – Land Rover Discoveru 2.5 Tdi 5 dr. setate | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2425/1
13 мај 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**922.**

Врз основа на член 27 став 7 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ број 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.05.1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА**

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на ЈПАУ Македонија односно за аеродромите Скопје и Охрид и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8428 | | Други машини за дигање, манипулација, натовар или истовар (на пример, лифтови, подвижни скали, транспортери и жичарници): | |
| | 8428 39 | --Други: | |
| | 8428 39 90 00 | ---Друго<br>а) Хајлодер ВИНДХОФ СМТ 3.7-3.6 | 1 парче |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 8502 | | Електрични генераторски агрегати и ротациони конвертори (претворувачи): | |
| | | -Генераторски агрегати со клипни мотори со внатрешно согорување на палење со помош на компресија (дизел или полудизел мотори): | |
| | 8502 12 | --Со моќност над 75 кВА до 375 кВА: | |
| | 8502 12 90 00 | ---Други | |
| | | а) Електрични генераторски агрегати | 2 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2426/1
13 мај 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**923.**

Врз основа на член 20, став 3 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.26/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.05.1999 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1999 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионални патишта во 1999 година, нивниот распоред и користењето по намени.

II

Средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија за 1999 година се утврдуваат во износ од 4.798.681.000 денари, што ќе се остварат од следните извори:

ПРИХОДИ

Во 000 ден.

| | | |
|---|---|---|
| 1. Приход од Буџетот на РМ | 758.681 | |
| 2. Надоместок од моторни возила што подлежат на годишна регистрација | 520.000 | |
| 3. Надоместок за употреба на Автопат | 510.000 | |
| 4. Надоместок од странски моторни возила | 50.000 | |
| 5. Други приходи | 10.000 | |
| | | 1.848.681 |
| 6. Странски кредити | | |
| – од ЕИБ | 2.400.000 | |
| – од Светска банка | 550.000 | |
| | 2.950.000 | 2.950.000 |
| Вкупно приходи: | | 4.798.681 |

РАСХОДИ

III

Расходите во висина на приходите од 4.798.681.000 денари ќе се користат за следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Пренесени обврски од 1998 година | | 333.500 |
| 2. Инвестиции од странски кредити | | 2.950.000 |
| – Автопат Стоби-Демир Капија | 1.400.000 | |
| – Автопат Скопје-Тетово | 1.550.000 | |
| 3. Сопствено учество во инвестициите со странски кредити и донации на: | | 118.000 |
| – Скопје-Тетово и Стоби-Демир Капија | 107.000 | |
| – Автопат Гевгелија-граница со Грција | 9.000 | |
| – Струга-Ќафасан | 2.000 | |
| 4. Инвестиции со сопствени средства | | 5.000 |
| – Говрлево-Брезница | 5.000 | |
| 5. Отплата на кредити | | 73.000 |
| 6. Расходи за студии, проектирање, провизии и материјални трошоци | | 129.000 |
| 7. Одржување на патишта | | 770.181 |
| 8. Средства за локални патишта | | 420.000 |
| Вкупно расходи: | | 4.798.681 |

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-1891/1
13 мај 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**924.**

Врз основа на член 10 од Законот за тутунот („Сл. весник на РМ“ бр. 69/96 и 15/98), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ РЕГИОНИ И РЕОНИ И ЗА ТИПОВИТЕ НА СУРОВ ТУТУН ВО ЛИСТ КОИ СЕ ОДГЛЕДУВААТ НА ОВИЕ РЕГИОНИ ОДНОСНО РЕОНИ

1. На територијата на Република Македонија се определуваат следните региони за производство на суров тутун во лист (тутун): Североисточен, Западен, Југозападен, Централно-источен и Југоисточен.

2. Производните региони од точка 1 на ова решение ги опфаќаат реоните како и типовите тутун што се одгледуваат на овие реони на кои правните и физичките лица може да произведуваат тутун односно да набавуваат сортно семе од типовите кои се определени за тој регион односно реон и тоа:

I. СЕВЕРОИСТОЧЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Североисточниот производен регион ги опфаќа Скопскиот реон, Кумановскиот реон и Кривопаланечко-Кратовски реон.

Во Скопскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Арачиново, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден, Сопиште, Сарај, Кондово, Чучер, Сандево, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Шуто Оризари.

Во Скопскиот реон да се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориентални типови тутун: Џебел и Јака,

2) Полуориентални типови тутун: Отља.

Во Кумановскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Куманово, Липково, Орашец, Клечовце, Старо Нагоричане.

Во Кумановскиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Џебел,
2) Полуориенталски типови тутун: Отља,
3) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија,
4) Берлејски типови тутун: Берлеј.

Во Кривопаланечко-Кратовскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Крива Паланка, Ранковце, Кратово.

Во Кривопаланечко-Кратовскиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Џебел и Прилеп.

## II. ЗАПАДЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Западниот производен регион ги опфаќа Полошки (Тетовско-Гостиварски) реон, Охридско-Струшки и Кичевски реон, Дебарски реон и Ресенски реон.

Во Полошки (Тетовско-Гостиварски) реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Тетово, Џепчиште, Теарце, Брвеница, Камењане, Боговиње, Шипковица, Желино, Вратница, Јегуновце, Гостивар, Неготино-Полошко, Врапчиште, Ростуша, Маврови Анови, Чегране, Долна Бањица, Србиново, Вруток.

Во Полошкиот (Тетовско-Гостиварски) реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија,
2) Берлејски типови тутун: Берлеј,
3) Полуориенталски типови тутун: Отља,
4) Ориенталски типови тутун: Џебел и Јака.

Во Охридско-Струшкиот и Кичевскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населени места: Охрид, Белчишта, Косел, Мешеишта, Струга, Луково, Дологожди, Лабуништа, Велешта, Вевчани, Кичево, Другово, Осломеј, Вранештица, Зајас.

Во Охридско-Струшкиот и Кичевски реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија,
2) Берлејски типови тутун: Берлеј,
3) Ориенталски типови тутун: Џебел и Прилеп.

Во Дебарскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населени места: Дебар, Центар Жупа.

Во Дебарските реони се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Џебел,
2) Полуориенталски типови тутун: Отља,
3) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија,
4) Берлејски типови тутун: Берлеј.

Во Ресенскиот реон спаѓа подрачјето на општината Ресен со населените места.

Во Ресенскиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Џебел,
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија,
3) Берлејски типови тутун: Берлеј.

## III. ЈУГОЗАПАДЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Југозападен производен регион го опфаќа Пелагонскиот реон.

Во Пелагонскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Битола, Бистрица, Новаци, Бач, Старавина, Могила, Кукуречани, Цапари, Доброшево, Македонски Брод, Самоков, Пласница, Прилеп, Долнени, Тополчани, Кривогаштани, Витолиште, Крушево, Житоше, Демир Хисар, Сопотница.

Во Пелагонискиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Прилеп, Џебел,
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија,
3) Берлејски типови тутун: Берлеј.

## IV. ЦЕНТРАЛНО-ИСТОЧЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Централно-источен производен регион ги опфаќа Тиквешко-Велешкиот и Овчеполскиот реон, Кочанско-Виничкиот реон и Делчевско-Пехчевскиот реон подрачјата на следните општини и населените места:

Во Тиквешко-Велешкиот и Овчеполскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Велес, Богомила, Чашка, Градско, Извор, Кавадарци, Конопиште, Росоман, Неготино, Демир Капија, Свети Николе, Лозово, Штип, Карбинци, Пробиштип, Злетово.

Во Тиквешко-Велешки и Овчеполски реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Прилеп, Џебел.

Во Кочанско-Виничкиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Кочани, Чешиново, Облешево, Зрновци, Оризари, Виница, Блатец.

Во Кочанско-Виничкиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Прилеп, Џебел, Јака,
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија,
3) Берлејски типови тутун: Берлеј,
4) Полуориенталски типови тутун: Отља.

Во Делчевско-Пехчевскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Делчево, Македонска Каменица, Пехчево и Берово.

Во Делчевско-Пехчевскиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Прилеп, Јака и Џебел.

## V. ЈУГОИСТОЧЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Југоисточниот производен регион ги опфаќа Гевгелиско-Валандовскиот реон и Струмичко-Радовишкиот реон.

Во Гевгелиско-Валандовскиот реон спаѓаат следните општини со населените места: Гевгелија, Миравци, Богданци, Стар Дојран и Валандово.

Во Гевгелиско-Валандовскиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Јака,
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија.

Струмичко-Радовишкиот реон ги опфаќа подрачјата на следните општини со населените места: Струмица, Ново Село, Василево, Босилово, Куклиш, Муртино, Радовиш, Конче, Подареш.

Во Струмичко-Радовишкиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Јака и Прилеп,
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија.

3. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за определување на производните региони и реони за типовите на суров тутун во лист кои се одгледуваат на овие региони односно реони („Сл. весник на РМ" бр. 24/97, 30/97 и 38/97).

4. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3619/3
11 мај 1999 година
Скопје

Министер,
**Владимир Џабирски**, с.р.

## ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**8.**

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (пречистен текст), а во врска со член 5 став 1 алинеја 3 од Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на првата редовна седница одржана на 26.02.1999 година, донесе

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ОСНОВА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА

Член 1

Со оваа методологија се обезбедува пристап за проценка на вредноста на деловниот простор сопственост на Република Македонија.

Член 2

Проценка на вредноста на деловниот простор сопственост на Република Македонија се врши заради определување висината на закупнината на деловните простории.

Член 3

Под деловен простор, согласно оваа методологија, се подразбира просторот изграден, како дел од градежната целина во состав на станбени, станбено-деловни, деловни и посебни самостојни градежни објекти, кои служат за вршење административни, трговски, угостителски, занаетчиски и други услужни дејности, како и простории за магационирање и други придружни намени.

Член 4

Вредноста на деловниот простор, како дел од градежна целина, се утврдува во пресметковни бодови врз основа на градежната вредност, амортизацијата, надоместокот за уредување на градежното земјиште и местоположбата (макролокациски и микролокациски услови).

Член 5

Бројот на бодовите за градежната вредност на деловниот простор се утврдува според следните критериуми: вид на објектот, каде што се наоѓа деловната просторија, тип на конструкцијата, градежните карактеристики, употребените градежни материјали, степенот и квалитетот на финалната обработка, опременоста на деловните простории и сл., а се одредуваат на пропишан образец за утврдување градежната вредност на деловниот простор изразен во бодови, составен дел на оваа методологија.

Член 6

Вкупниот број на бодови на градежната вредност на деловниот простор, од член 5 од оваа методологија, се намалува за степенот на амортизација, врз основа на годините на старост на објектот, со примена на следните годишни стапки на амортизација:

1. За приземни и катни објекти:

| | |
|---|---|
| – од бетон, бетон и метал, камен или тула | 1,3% |
| – од метал | 2,5% |
| – од дрво и друг материјал | 4% |

2. За повеќекатни објекти и солитери

| | |
|---|---|
| – од бетон, бетон и метал, камен или тула | 1,5% |
| – од метал (лим) | 3,5% |

3. Монтажни објекти и други објекти од монтажни елементи

| | |
|---|---|
| – од бетонски елементи | 2,0% |
| – од метал | 4,0% |
| – од дрво | 10,0% |
| – од друг материјал | 8,0% |

Бројот на бодовите од точка 1 алинеја 1 и 2 точка 2 алинеја 1 точка 3 алинеја 1 на овие членови може да се намали најмногу до 30%, а точка 1 алинеја 3, точка 2 алинеја 2 точка 3 алинеја 2,3 и 4 може да се намали најмногу до 50%.

Член 7

На вака утврдените бодови, се додава износот на бодови за местоположбата на просторот во градот – (макро локациски услови) и местоположбата на деловниот простор во самиот објект (микролокациски услови).

### МЕСТОПОЛОЖБА – МАКРОЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ

| | Бодови | Зона |
|---|---|---|
| I. Група: ЗА СКОПЈЕ | | |
| 1. ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
| а) Градски центар | | |
| – трговски центри (комплекси и трговски улици | 2700 | I |
| – издвоени деловни простории | 2100 | II |
| б) Останат дел од централно градско подрачје | 1650 | III |
| 2. ПОШИРОКО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
| – реонски центри | | |
| – центри на месни заедници | 1200 | IV |
| – издвоени деловни простории | 600 | V |
| | 150 | VI |
| II. Група: Битола, Прилеп, Куманово, Охрид, Струга, Тетово и Гостивар | | |
| 1. ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
| а) Градски центар | | |
| – Трговски центри (комплекси) | 1650 | I |
| – издвоени деловни простории | 1500 | II |
| б) останати делови од централно градско подрачје | 1200 | III |
| 2. ПОШИРОКО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
| – реонски центри | | |
| – центри во месни заедници | 900 | IV |
| – издвоени деловни простории | 300 | V |
| | 0 | VI |
| III. Група: останати градови во Републиката | | |
| 1. ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
| а) Градски центри | | |
| – трговски центри (комплекси) | 1500 | I |
| – издвоени деловни простории | 1200 | II |
| б) Останати делови од централно градско подрачје | 900 | III |
| 2. ПОШИРОКО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
| – реонски центри | 600 | IV |
| – центри во месни заедници | 150 | V |
| – издвоени деловни простории | 0 | VI |

(Дефинициите на локалитетите: централно градско подрачје, градски центар, пошироко градско подрачје, реонски центри и центри на месни заедници се во согласност со одредбите на основните урбанистички планови).

МЕСТОПОЛОЖБА - МИКРОЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ

| | |
|---|---|
| Катност | |
| - приземје | 240 |
| - кат | 180 |
| - сутерен | 120 |
| - подрум | 60 |
| Излози | |
| - излог од една страна | 120 |
| - излог од две и повеќе страни | 180 |
| Ориентација | |
| - кон сообраќајници | 120 |
| - кон пешачка улица | 60 |
| Други погодности | |
| - приод со возило | 180 |
| - Можност за користење простор пред објектот | 180 |

Член 8

Бројот на утврдени бодови врз основа на член 5 корегирани со стапката на амортизација од член 6 и локациската погодност од член 7 се зголемува за трошоците за уредување на градежното земјиште, утврдени во програмата за уредување и употреба на градежното земјиште за локалитетот на кој се наоѓа деловниот простор, на денот на склучувањето на договорот за закуп.

Член 9

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, врз основа вкупниот број бодови според критериумите на оваа методологија и вредноста на пресметковниот бод, ја утврдува вредноста на деловниот простор.

Вредноста на пресметковниот бод ја утврдува Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Член 10

Висината на закупнината се добива како процентуален дел од вредноста на деловниот простор.

Член 11

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија", по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-454/11
26 февруари 1999 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
дипл. прав. **Зеќир Ибраими**, с.р.

**9.**

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (пречистен текст), и член 9 став 2 од Методологијата за процена на деловниот простор сопственост на Република Македонија, Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на 1-та редовна седница одржана на 26.02.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВРЕДНОСТА НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ БОД

Член 1

Вредноста на пресметковниот бод изнесува 0,75 дем/бод.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ", по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-454-11/1
26 февруари 1999 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
дипл.прав. **Зеќир Ибраими**, с.р.

**10.**

Врз основа на член 5 став 1 алинеја 3 од Законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 2/94) и член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, (пречистен текст) Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на 1-та редовна седница одржана на 26.02.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНА НА ЗАКУПНИНА ЗА КОРИСТЕЊЕ ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СО КОЈ СТОПАНИСУВА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Основа за утврдување висината на закупнината за користење деловен простор претставува процентуален дел од вредноста на деловниот простор на 1м$^2$, што се определува согласно Методологијата за процена на деловниот простор сопственост на Република Македонија.

Член 2

Процентуалниот дел, согласно оваа одлука, не може да биде понизок од 2,5%, од вредноста на деловниот простор по 1м$^2$.

Член 3

Износите на процентуалниот дел, дадени во член 2 од оваа одлука, се просечни и се однесуваат за деловен простор со корисна површина од 100м$^2$. За помалите, односно поголемите деловни простории од 100 м$^2$, висината на закупнината се определува на тој начин што просечниот процентуален дел се множи со коефициентот за определена големина на деловниот простор, а согласно следната:

ТАБЕЛА

| р.бр. | Големина на деловниот простор м$^2$ | Коефициент за усогласување (корекција) |
|---|---|---|
| 1 | до 25 м$^2$ | 1,30 |
| 2 | од 25 до 50 м$^2$ | 1,20 |
| 3 | од 50 до 100 м$^2$ | 1,10 |

| Рбр. | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 4 | 100 м$^2$ | 1,00 |
| 5 | Од 100 до 200 м$^2$ | 0,90 |
| 6 | од 200 до 300 м$^2$ | 0,80 |
| 7 | преку 300 м$^2$ | 0,70 |

Висината на закупнината по 1 м$^2$ се изразува во дем/м$^2$, а се плаќа во денари/м$^2$ (среден курс на Народна банка на денот на уплатата).

Член 4

Изборот на висината на процентуалниот дел од вредноста на деловниот простор, односно висината на закупнината по 1 м$^2$ зависи од понудата и побарувачката во градот.

Член 5

Висината на процентуалниот дел на вредноста на деловниот простор односно висина на закупнината ја утврдува директорот на Јавното претпријатие, односно директорот на Подрачната единица на Јавното претпријатие, по овластување.

Член 6

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, постојните закупнини да се усогласат со истата Одлука, освен закупнините постигнати по пат на јавно наддавање.

Усогласувањето на постојните закупнини да се изврши најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ".

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ", по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Член 8

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-765/3 од 14 април 1995 година, објавена во „Службен весник на РМ" бр. 29 од 8 јуни 1995 год.

Бр. 02-454/11-3
26 февруари 1999 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
дипл. прав. Зеќир Ибраими, с.р.

## Огласен дел

### СУДСКИ ОГЛАСИ

#### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I-СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I-Скопје во тек е постапка по тужбата на тужителот АД за осигурување и реосигурување Македонија ДЕ Главна филијала Скопје, против тужениот Ѓорѓиевски Влатко со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во судот и во истиот рок да ја достави својата адреса на живеење. Доколку тужениот или неговиот полномошник не се јават во судот во овој рок, постапката ќе продолжи преку поставениот привремен застапник Стево Менковски, адв. од Скопје, ул."Пајко Маало" бб, кој ќе го застапува тужениот се додека тој или неговиот полномошник не се јават во судот.

Од Основниот суд Скопје I -Скопје,XIV П.бр.475/98.

(15698)

Пред Основниот суд Скопје I-Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на, на тужителот Музафер Сулејман ул."388" бр.110 Скопје против тужената Зухра Сулејман од Скопје, ул"388" бр110, со непозната адреса на живење.

За привремен застапник и се поставува лицето Владимир Стефановски, адвокат од Скопје, ул."Лазар Танев" бр.8, истиот ќе го застапува тужениот во оваа постапка се додека тужениот или неговиот полномошник не се јават пред судот.

Од Основниот суд Скопје I-Скопје,V.П.бр.1328/98.

(15499)

Пред Основниот суд Скопје I-Скопје се води постапка за утврдување право на сопственост на недвижност кој што се наоѓа нак-п.бр.4279 на КО Скопје, ул."166 бр.8, со површина од 82 м$^2$ на кој што се наоѓа објектпродавница со површина од 61 м$^2$ по тужбата на тужителот Амети Амзи од Скопје со стан на ул."Бајрам Шабани" бр.44, против тужениот Стојанов Костов Миле од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

На тужениот му се поставува привремен застапник адвокатот Стојанка Георгиевска. Привремениот застапник во оваа постапка ги има сите права и должности на законски застапник што ќе ги врши се додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот.

Од Основниот суд Скопје I-Скопје,XVI.П.бр.514/99.

(15769)

#### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II- СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II-Скопје се води парнична постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Медиме Мујлер од Скопје, против тужениот Хорт Мујлер со непозната адреса и престојувалиште во Р.Германија.

На тужениот Хорт Мујлер судот му постави привремен застапник и тоа адвокатот Тони Сима ул."Пајко Маало" бр.4/2-Скопје, кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното завршување на постапката, или додека тужениот сам не се јави во судот, а во согласност со чл.78 ст.2 т.4 од ЗПП.

Се повикува тужениот Хорт Мујлер во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас, да се јави во судот да ја преземе постапката во својство на тужен. Во спротивно, неговите интереси ќе ги застапува поставениот привремен застапник.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје,XX.П.бр.740/99.

(15773)

Пред овој суд се води постапка за доверување на малолетни деца на чување, воспитување и издржување, по тужбата на тужителката Фатиме Рамадани против тужениот Азби Рамадани од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Со решение на судот за привремен застапник на тужениот му е поставен адвокатот Крчански Венцислав од Скопје, ул."Рајко Жинзифов" бр.49-а. Исто така привремениот застапник ќе го застапува тужениот се додека тој или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Ораганот за старателство не го извести судот дека на тужениот му поставил старател.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје,П.бр.1147/98.

(15811)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд по предлог на предлагачот Шабан Веци од с.Горна Бањица, се води постапка за докажување на смртта на лицето Шабани Ѓулфидан родена на 12.10.1909 година во с.Речане-Гостиварско, а живеела во с.Горна Бањица.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Шабани Ѓулфидан во рок рок од 15 дена, од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла при овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар. Судот истовремено ги повикува сите лица што знаат нешто за нејзиниот живот тоа да му го соопштат на овој суд. По истекот на рокот од 15 дена, доколку повиканото лице не се јави во овој суд ќе се смета дека е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.162/99. (15699)

---

Пред овој суд по предлог на предлагачот Шабани Веци од с.Долна Бањица се води постапка за докажување на смртта на лицето Шабани Фикри роден на 25.06.1925 година во с.Горна Бањица каде што и живее.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Шабани Фикри во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла при овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар. Судот истовремено ги повикува сите лица што знаат нешто за неговиот живот тоа да му го соопштат на овој суд. По истекот на рокот од 15 дена доколку повиканото лице не се јави при овој суд ќе се смета дека е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.161/99. (15700)

---

Пред Основниот суд во Гостивар се води граѓанска постапка по основ сопственост по тужбата на тужителот Реџепи Шабан од Гостивар, а против тужениот Веаповиќ Веап од Гостивар. Вредност на спорот 100.000,00 денари.

На тужениот Веаповиќ Веап од Гостивар, а денес со непозната адреса на престојувалиште и живеалиште во странство му се поставува привремен застапник лицето Бобан Димоски стручен соработник при овој суд кој што ќе ги застапува интересите на тужениот додека тужениот или негов полномошник или застапник не се јави на главната расправа предовој суд, односно додека Органот за старателство не му постави старател.

Од Основниот суд во Гостивар.

## ОСНОВЕН СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Пред Основниот суд во Гевгелија е поднесена тужба од тужителката Ристова Јасмина од Кавадарци, против тужениот Ристов Блажо од Валандово, со непозната адреса на престојувалиште.

Се повикува тужениот Ристов Блажо од Валандово, да се јави во рок од 30 дена, од објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење. Доколку тужениот не се јави ќе му биде определен привремен застапник, кој ќе го застапува во постапката се до правосилното завршување на постапката.

Од Основниот суд во Гевгелија, П.бр.105/99. (15370)

## ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред Основниот суд во Кочани поднесена е тужба за долг од тужителот АД за осигурување и реосигување "Македонија" Скопје, Самостојна филијала Кочани, против тужениот Пецо Илиев од с.Спанчево сега на привремена работа во Словенија со непозната адреса.

